НАРОДНА БАНКА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



# Годишна информација
# за плаќањата во Република Северна Македонија
# во 2021 година

# Агенда

## 1. ПЛАТЕЖНИ ТРАНСАКЦИИ

1.1 КРЕДИТНИ ТРАНСФЕРИ ИНИЦИРАНИ ОД ФИЗИЧКИ И ПРАВНИ ЛИЦА

1.2 ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ

## 2. ПЛАТЕЖНА ИНФРАСТРУКТУРА

2.1 ТРАНСАКЦИСКИ СМЕТКИ

2.2 ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ, УРЕДИ НА МЕСТАТА НА ПРОДАЖБА И БАНКОМАТИ

## 3. ПЛАТНИ СИСТЕМИ ВО ЗЕМЈАТА

# Платежни трансакции со платни инструменти во земјата







- Вкупниот број изнесуваше **176 милиони трансакции, што претставува годишен раст од 26,7%**.
- Вкупната вредност забележа годишен **раст од 63,3% и изнесуваше 5.714 милијарди денари.**

# Платежни трансакции со платни инструменти по глава на жител – компаративен контекст

**Број на трансакции со кредитни трансфери и платежни картички, по глава на жител**




- **РСМ –** преовладува користењето на **платежните картички**
  - ✓ 53 трансакции по глава на жител со платежни картички
  - ✓ 12 трансакции по глава на жител со кредитни трансфери
- **Стари земји членки на ЕУ**
  - ✓ 207 трансакции по глава на жител со платежни картички
  - ✓ 98 транскации по глава на жител со кредитни трансфери
- **ЦИЈЕ**
  - ✓ 112 трансакции по глава на жител со платежни картички
  - ✓ 71 транскации по глава на жител со кредитни трансфери

# Број на трансакции со кредитни трансфери извршени од физички и правни лица во земјата

- Вкупниот број плаќања со кредитни трансфери во 2021 г. изнесуваше **65,7 милиони** и забележа годишен раст од 10,2%.
- Најголемиот број од кредитните трансфери беа иницирани од страна на **правните лица (65,9%),** додека остатокот од физичките лица.
- **Правните лица иницираат 62,8%** од бројот на плаќања со кредитни трансфери во земјата по електронски пат, додека **физичките лица електронски иницираат 30,3%** од вкупниот број кредитни трансфери.







- Од аспект на **уредот на кој се иницирани електронските кредитни трансфери**, најголема примена (98,2%) кај правните лица и натаму има персоналниот сметач, додека, пак, кај физичките лица продолжува трендот на зголемена употреба на апликациите инсталирани на мобилните телефони (39,3%), за сметка на намалувањето на употребата на персоналниот сметач.

# Структурно учество на бројот на трансакции со платежни картички на уредите лоцирани во земјата

**Трансакции на уредите лоцирани во земјата со картички издадени во земјата**




- Број на трансакции **– 132,5 милиони, со годишен раст од 22,7%.**
- Позитивен тренд на **зголемување** на учеството на домашните платежни картички за вршење плаќања на уредите на **физичките места на продажба во земјата и виртуелните места на продажба,** за сметка на намалувањето на учеството на овие картички за повлекување готовина на банкоматите.

# Структурно учество на бројот на трансакции со платежни картички во меѓународен контекст

## Трансакции на уредите лоцирани во земјата со картички издадени надвор од земјата




## Трансакции на уредите лоцирани надвор од земјата со картички издадени во земјата




- Број на трансакции **– 8,1 милион, со висок годишен раст од 82,5%.**
- **Тренд на зголемување** на учеството на нерезидентните платежни картички за вршење плаќања на уредите на **физичките места на продажба во нашата земја, за сметка на намаленото учество на трансакциите за повлекување готовина на банкомати.**

- Број на трансакции **– 8,8 милиони, со годишен раст од 55,9%**
- **Тренд на зголемување** на учеството на домашните платежни картички за вршење плаќања на уредите на **виртуелните места на продажба** надвор од земјата, за сметка на намаленото учество на **физичките места на продажба и повлекувањето на готовина на банкомати**.

# Трансакции со платежни картички извршени во земјата

**Број на трансакции со платежни картички издадени во земјата, остварени во земјата, по возрасни групи, по глава на жител**




- **највисоко учество на возрасната група од 35 до 44 години со ¼ во вкупните трансакции на физички и виртуелни места на продажба.**
- **возрасната група од 35 до 44 години направила 89 трансакции по глава на жител на физичките места на продажба, 21 трансакции по глава на жител на банкомати и 4 трансакции по глава на жител на виртуелните места на продажба.**
- **најмал број трансакции во земјата во трговијата (3%), или само 26 трансакции по глава на жител, се остварени од страна на лицата со возраст над 74 години.**

# Трансакции со платежни картички извршени во странство

**Број на трансакции со платежни картички издадени во земјата, остварени во странство, по возрасни групи, по глава на жител**




- **64% од трансакциите со платежни картички остварени во странство се направени во трговијата на физичките места на продажба, додека 34% на виртуелните места на продажба.**
- **највисоко учество (30%) на возрасната група од 25 до 34 години во трансакциите во трговијата при извршени 6 трансакции по глава на жител на физичките места на продажба и 3 трансакции по глава на жител на виртуелните места на продажба.**
- **минимално учество (0,8%) во трговијата во странство има возрасната група над 74 години.**

# Надоместоци коишто се наплатуваат од трговците на продажните места во 2021 година

## Надоместоци на продажното место по вид на дејност на трговецот(%)




- Од аспект на дејноста на трговецот, во текот на 2021 година, **највисок надоместок** се наплатува за услугите од **„државните институции" (1,67%) и „игри на среќа" (1,66%),** додека, пак, **најнизок надоместок** се бележи кај дејноста **„бензински станици" (0,75%).**

# Платежна инфраструктура во 2021 година
# Трансакциски сметки

- Вкупниот број трансакциски сметки на крајот на 2021 година изнесуваше **3,78 милиони сметки** и забележа мал годишен пад од **1,1%.**



**Физички лица – 95,1%**

**Правни лица – 4,9%**

- **Зголемување од 2 п.п.** на учеството на бројот на сметките коишто се достапни преку ПС или друг уред за плаќања и извештаи во вкупниот број трансакциски сметки. **17% од вкупниот број трансакциски сметки се достапни преку ПС или друг уред за плаќања и извештаи**, што укажува на тоа дека сѐ уште е ограничена искористеноста на дигиталните банкарски канали за вршење плаќања.
- Оваа ограниченост е особено изразена кај **физичките лица кај коишто само 15,7%** од трансакциските сметки се достапни преку ПС или друг уред за плаќања и извештаи, но бележи годишен раст од 2,7 п.п. во споредба со претходната година.
- Кај **правните лица** е **забележана** значително поголема употребата на дигиталните банкарски канали за извршување на плаќањата во однос на физичките лица (**40,8%).**

**Трансакциски сметки коишто се достапни преку ПС или друг уред за плаќања и извештаи**

**15,7%** **Физички лица**

**40,8%** **Правни лица**

# Трансакциски сметки – родова структура, по глава на жител

- 1,9 сметки по глава на жител
- родов јаз од 0,6 сметки




**Жени**



**42,9%**

**1,6 по глава на жител**

**Мажи**



**57,1%**

**2,2 по глава на жител**

- Во 2021 година, **граѓаните извршиле увид во состојбата и промени кај 50,2%** од расположливите сметки за оваа намена, додека **плаќања извршиле преку 40,4% од сметките коишто овозможуваат електронски плаќања преку ПС и/или мобилен телефон**.
- **Жените се еднакво активни пристапувачи до сметките со мажите**, при што преку дигиталните канали на своите трансакциски сметки направиле најмалку еден увид во состојбата и промените кај 50% од своите сметки за оваа намена.
- **41,6% од сметките за иницирање електронски плаќања во сопственост на жени биле активно користени**, додека мажите активно користеле 39,5% од своите сметки.

# Трансакциски сметки – старосна структура по возрасни групи, по глава на жител




- **Возрасната група 35 – 44 години е сопственик на најголемиот број сметки на резидентите (22,1%).**
  - ✓ поседува по 2,9 сметки по глава на жител.
  - ✓ учествува со 29,7% во вкупниот број сметки на активни плаќачи и 25,7% во вкупниот број сметки на активни пристапувачи.
- **Лицата од 65 до 74 години и над 74 години поседуваат 2,1 и 2,8 сметки по глава на жител, соодветно,** но се со пониска финансиска вклученост за користење на дигиталните канали за плаќање.

# Платежната инфраструктура во 2021 година

- Вкупниот број платежни картички бележи годишен раст од 0,6%.
- **Забележана е позитивна промена од аспект на структурното учество на картичките со бесконтактна технологија** (зголемување на нивното учество во вкупниот број картички со платежна функција за 6 п.п.)




**Број на платежни картички на крајот на 2021 година**

**2.125.888**




- Учеството на **бројот на** ПОС-терминали **коишто поддржуваат картички со бесконтактна** технологија во вкупниот број уреди, на крајот на 2021 година, изнесува 83,7%, **или годишен раст од 5,9%**.

# Споредбена анализа – банкомати и уреди на физичките места на продажба, на милион жители







Во земјата постои **релативно добра застапеност на банкоматите и уредите на физичките места на продажба**.

- Бројот на **банкоматите во земјата изнесува 534 банкомати на милион жители**, што е над просекот во споредба со просечниот број на банкоматите во земјите од групата **ЦИЈЕ (468),** односно под просекот во споредба со старите земји членки на **ЕУ (777).**

- Бројот на **уреди на физичките места на продажба во земјата изнесува 16.237 на милион жители** што е помалку за 2,3 пати од просекот на старите земји членки на ЕУ (36.798), но релативно поблиску до просекот на земјите од групата ЦИЈЕ (22.249).

# Платните системи во земјата во 2021 година

**Учество на платните системи во земјата во вкупната вредност на платниот промет (%)**




**Учество на платните системи во земјата во вкупниот број трансакции во платниот промет (%)**




**Вкупна вредност** – 19.480 милијарди денари со годишен раст од 23,9%.

**Вкупен број** – 31,7 милиони со годишен раст од 7%.

# Благодарам за вниманието!